**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4776 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на новинарските прилози за актуелните настани од општествено - политичкиот живот во Република Македонија, опфатени во ТВ Дневникот 2 (19 часот и 30 минути) на Првиот

програмски сервис на Македонската телевизија, во анализираните десет дена за периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година, изнесува - 3 часа 35 минути и 23 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Специјално обвинителство | 00:15:36 | 7,24 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:00 | 0,46 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:34 | 6,30 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:28 | 0,68 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:17 | 2,92 | % |
| СДСМ | 00:17:16 | 8,02 | % |
| Без субјекти | 00:06:38 | 3,08 | % |
| Други субјекти | 00:19:11 | 8,91 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:41:53 | 19,44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:01 | 3,26 | % |
| Влада на РМ | 00:27:57 | 12,98 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:16 | 6,16 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:16:54 | 7,84 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:36 | 1,21 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:49 | 2,23 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:24 | 0,65 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:54 | 1,35 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:17 | 2,92 | % |
| Судство | 00:02:30 | 1,16 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:50 | 0,39 | % |
| Шарена револуција | 00:03:26 | 1,59 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:40 | 0,31 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:40 | 0,31 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:35 | 0,27 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:42 | 0,32 | % |
| | **Вкупно: 03:35:23** | **100** | % |

Во деновите од работната недела, поединечните изданија на ТВ Дневникот 2 од Првиот програмски сервис содржат во просек по петнаесеттина прилози селектирани за анализа според критериумите на методолошката рамка, со ефективно времетраење од близу половина час во кој неутрално, преку сопоставување различни политички гледишта, главно низ новинарските облици на вест и на извештај, презентирани се актуелни теми и настани од општествено-политичкиот живот во Република Македонија. Во периодот од понеделник до петок, новинарските извештаи се поопширни во обидот да се прикажат релевантни содржински нијанси на обработените теми и навремено да се следи работното темпо на државните институции, на граѓанските активности, на вклученоста на државата во меѓународни проекти, но и партиските активности за кои, со оглед на временската дистанца до официјалниот почеток на изборната кампања, во Дневникот на МРТ1 се отстапува кусо време, и сукцесивно прикажани, прилозите на таа содржина се поставени во второстепени нивоа и фази од информативната аудиовизуелна целина.

На пример, од 22 и од 23 септември (четврток и петок), кога започна третиот период за десетдневен мониторинг, како и низ другите денови од наредната работна недела (почнувајќи од понеделник, 26 септември), забележливо е дека новинарскиот ангажман, воведните три носечки прилога од централниот Дневник ги оформува како екстензивни извештаи од расправата за шестмесечниот Извештај на Специјалното јавно обвинителство, водена во собраниската Комисија за политички систем. Притоа, ако се има предвид комплексот општествено-политички области во кои постојано и активно е вклучена работата на СЈО, тогаш разбирлива е уредувачката мотивација новинарските извештаи да не се ограничуваат исклучиво на поенти од политичките гледишта изнесени на Комисијата, туку постапно, во зависност од одгласите на таа расправа во јавноста, да бидат илустрирани и со контекстуализирани изјави (често врамени и во посебни куси прилози), и од лидерот на владејачката ВМРО ДПМНЕ (*„Груевски: СЈО работи далеку од нашите очекувања“*), и од лидерот на опозицискиот СДСМ (*„Заев со писмо до амбасадорите/гарантите на Пржинскиот договор“*). Тематски пошироко погледнато, пак, пред сѐ поради диктатот на важните настани од агендата на СЈО (*Катица Јанева, специјалната обвинителка, се пожали на мобинг за време на расправите на Комисијата за политички систем и на средбата со Советот на јавните обвинители; на 28 септември, преку прес-конференција на СЈО отворен е - „Трезор“, нов судски процес поврзан со аферата „Прислушкување“*), новинарскиот интерес во споменатите воведни прилози од ТВ Дневникот, по овој начин се разгранува во низа редовни вести и извештаи за судски рочишта и/или за процеси покренати токму од работата на ова обвинителство, или за неговите односи со други судски структури во државата. Оттаму, хронолошки, на пример, низата новинарски извештаи (со директни јавувања од местото на случувањето) од реактивирањето на „Шарената револуција“ по улиците на Скопје за поддршка на СЈО, или, пак, за меѓупартиските обвинувања од ефектот на т.н. „нови бомби“ – прислушкувани разговори што најпрвин одекнаа во јавноста на Косово, а директно ја засегаат и македонската политичка сцена (*„Шилегов (СДСМ): Сите разговори се предадени во СЈО“ / ВМРО ДПМНЕ: Кај Чаушот пронајдени 70.000 снимени разговори“*).

За време на викендот (24 и 25 септември), а посебно при крајот од мониторираниот десетдневен период (29/30 септември и 1 октомври), структурата на ТВ Дневникот се менува и квантитативно и по содржина: Прво, опаѓа бројот новинарски прилози методолошки селектирани за анализа, односно – се преполовува во однос на презентираното во работните денови од неделата, и тоа на седум прилога во просек од севкупното траење на информативната аудиовизуелна целина (дополнителна причина за ова се и поклопените програмски термини за ТВ Дневникот 2 и за преноси од спортски натпревари на македонски екипи); второ – и содржински и по обемот на обработката, уредувачка предност им се дава на екстензивни извештаи за теми што се во новинарскиот жаргон означени како „споровозни“ - со дополнителна аргументација од изјави, разговори и од куси интервјуа со учесници во меѓународни проекти, собири и конференции (*„Меѓународна младинска конференција во Крушево, за подобрување на транспаретноста и за борба против корупцијата во земјите од југоисточна Европа“; „Охрид во фокусот на француски тур-оператори“; Меѓународна конференција во Скопје за борба против корупцијата; Петнаесетта есенска сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ*).

Приоритет добиваат и прилози поврзани со активности на македонската официјална надворешна политика – учеството на премиерот Димитриев на Европскиот самит во Виена за решавање на бегалската криза, и билатералните преговори околу т.н. - „проблем со државното име“, помеѓу министрите за надворешни работи на Македонија (Попоски) и на Грција (Коѕијас). Ретките прилози за партиска проблематика се третирани – аналитички, преку политиколошки коментар со мотиви во околностите за спроведување на изборите планирани за 11 декември (*„Писмото на Заев до амбасадорите / гарантори на Договорот од Пржино: Предупредување, превенирање, паника или загриженост?“; „Груевски: Заев сака да избега од избори“; „СДСМ: Не отстапуваме од изборите“*), или преку куси извештаи за опозициски активности како коректив на владини политики (*„СДСМ: Блокирани сметки на неколку училишта“; „ЛДП: Не сме задоволни од спроведување на Законот за легализација на канабисот“*). Покрај институционално (*Собрание/Влада*) врамените внатрешно-политички теми, настани и активности (при што најмногу информативно време ѝ е отстапено на собраниската расправа за државниот предлог-буџет за 2017 година),

централниот ТВ Дневник на МРТ1 се одликува со разноликост и во темите и во новинарскиот пристап за прикажување на општественото секојдневие, а репертоарот главно произлегува од поврзаноста на социјалните и на економските области, аналитички обработени од граѓански здруженија и иницијативи, со учество на надлежните министерства, јавните претпријатија, локалната самоуправа или на органите на државната управа (*„Меѓународен собир во Скопје: Парите од иселениците важни за социјалниот развој на државата"; „Микрокредитирање за борба против сиромаштијата"; „Хелсиншки комитет: Противзаконски е реизборот на Јаневски за претседател на Советот на јавните обвинители"; Референдум на Студентскиот парламент; „Експертски оценки за работата на Комисијата за верификација на фактите"; „Агенцијата за катастар прави бесплатен геодетски премер во поплавените подрачја од скопско"; „Стопанската комора, ЗАМП и медиумите велат дека е проблематично определувањето на висината за авторските права"; „Национална кампања за климатските промени"; Безбедноста во програмите на политичките партии*).

**_Табела 2 - Директни обраќања на субјектите_**

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Независни пратеници/чки | 00:00:34 | 0,68 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:29 | 6,62 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:15 | 7,55 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:24 | 0,48 | % |
| СДСМ | 00:09:18 | 11,23 | % |
| Други субјекти | 00:09:37 | 11,61 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:51 | 17,93 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:10 | 5,03 | % |
| Влада на РМ | 00:10:38 | 12,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:47 | 5,78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:42 | 8,09 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:10 | 0,20 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:01 | 2,44 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:29 | 3,00 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:31 | 1,83 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:19 | 0,38 | % |
| Шарена револуција | 00:00:45 | 0,91 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:34 | 1,89 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:12 | 0,24 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:12 | 0,24 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:30 | 0,60 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:20 | 0,40 | % |
| | **Вкупно: 01:22:48** | **100** | **%** |

И во овој десетдневен мониторинг се покажа дека информативната редакција на Првиот програмски сервис ги третира партиските, авто-промотивни активности, низ вести, извештаи и соопштенија, сместени во тематизирани сегменти одделени од посочените примарни теми за новинарска обработка (*„СДСМ; Предлози за реформи во образованието" / „ВМРО ДПМНЕ: Закон за вработување 100 најдобри студенти"; „ВМРО*

*ДПМНЕ: Мерки за помала загаденост на воздухот / СДСМ: Лажна е грижата на ВМРО ДПМНЕ за животната средина“; „Трибина на СДСМ: Идните реформи на новата влада“).*

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебати</u>*

На 22 септември премиерно, со реприза на 23 и на 25 септември, во рамките на емисијата „Акцент“, емитувана е дебата помеѓу Бојан Маричиќ, извршен директор на Македонскиот центар за европско образование, и Владимир Божиновски од Институтот за политички истражувања. Тема е – одбројувањето на стоте дена пред изборите закажани за 11 декември 2016 година.

На 27 септември премиерно, а реприза на 28 и на 30 септември, изданието на актуелно-информативната емисија „Од наш агол“ врамува дебата на тема: инвестиции во образованието, а се соочуваат – Спиро Ристовски, заменик министер за образование и наука, и Петар Атанасов, претседател на Комисијата за образование при СДСМ. Изданието на емисијата „Од наш агол“ од 29 септември (две репризи во различен програмски термин од 30 септември, и една реприза од 1 октомври), претставува дебата помеѓу универзитетската професорка по историја на правото Иванка Додовска, и комуникологот Петар Арсовски, на тема – Дали СЈО ќе ја интензивира својата работа пред изборите, и какво би било неговото можно влијание врз активностите на партиите.

*<u>Други информативни програми</u>*

На 23 септември, МРТ1 емитуваше снимка од обраќањето на Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија, за време на 71-то Генерално собрание на Обединетите нации.

***Сектор за програмски работи***